| - Да се поттикнат, да осознаат за противречностите помеѓу големите сили и за блоковската поделба на светот;<br>- да се поттикнат, да осознаат за формирањето на најважните европски асоцијации и нивната улога;<br>- да се поттикнат, да осознаат за кризните жаришта во светот по Втората светска војна. | МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА | Маршалов план<br>Организација на обединетите нации (ООН)<br>Трибунал во Нинберг<br>Блоковска поделба на светот<br>Северноатлански пакт (НАТО)<br>Социјалистички блок – Варшавски пакт<br>Трет свет – Движење на неврзаните земји<br>Џавахарлал Нехру<br>Јосип Броз Тито<br>Гамал Абдел Насер<br>Европска економска заедница | ▪ Разговор преку слики, илустрации, историска читанка за Меѓународните односи по Втората Светска Војна, подем и ризи во социјализмот<br>▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и од други пишувани материјали<br>▪ Илустрации- разговор по илустрации за значајните настани и личности од тој период |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Да се поттикнат, да осознаат за воспоставувањето на советскиот модел на социјализмот во источноевропските земји и за сталинизацијата на општествено-економските и политичките системи на источно-европските земји;<br>- да се поттикнат, да го осознаат процесот на десталинизација и распадот на социјализмот. | ПОДЕМ И КРИЗИ НА СОЦИЈАЛИЗМОТ | Никита Хрушчов<br>Александар Дупчек<br>Михаил Горбачов<br>Николае Чаушеску<br>Лех Валенса<br>Јуриј Гагарин<br>Нил Армстронг<br>„Берлински ѕид“<br>Синдикална организација „Солидарност“<br>Кадифена револуција | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Да сепоттикнат, да осознаат за политичките промени во балканските држави;<br>- да се поттикнат, да осознаат за основните појави и процеси во општествено-економскиот живот на балканските држави;<br>- да се поттикнат, да осознаат за состојбите со човековите права.<br><br>- Да се поттикнат, да осознаат за ослободувањето на Албанија и воспоставувањето | ОПШТЕСТВЕНО - ЕКОНОМСКИ И ПОЛИТИЧКИ ПРОМЕНИ НА БАЛКАНСКИТЕ ДРЖАВИ<br><br>АЛБАНИЈА ОД 1944-1990 г. | Јосип Броз Тито<br>Георги Димитров<br>Тодор Живков<br><br>Енвер Хоџа | ▪ Разговор преку слики, илустрации, историска читанка за општествено економски и политички промени на балканските држави ( Албанија)<br>▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и од други пишувани материјали<br>▪ Илустрации- разговор по илустрации за значајните настани и личности од тој период<br>▪ Изработка на пано, со слики и илустрации од значајните |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на комунистичка власт;<br>- да се поттикнат, да осознаат за колективизацијата на албанското село;<br>- да се поттикнат, да осознаат за меѓународните односи на Албанија;<br>- да се поттикнат да осознааат т за просветата и културата. | | | личности од тој период<br>▪ Разговор преку слики, илустрации, историска читанка за Албанците во Југославија и Грција |
| - Да се поттикнат,да осознаат за положбата на Албанците во рамките на внатрешното административно-територијално | АЛБАНЦИТЕ ВО АВНОЈСКА ЈУГОСЛАВИЈА И ГРЦИЈА ОД 1945 – 1990 ГОДИНА | Александар Ранковиќ | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и од други пишувани материјали<br>▪ Илустрации-разговор по |

| | | | |
|---|---|---|---|
| уредување на авнојска Југославија;<br>- да се поттикнуваат, да ги осознаат причините за иселувањето на Албанците во Турција;<br>- да се поттикнуваат, да осознаат за Брионскиот пленум (1966), за уставната положба според Уставот од 1974 година и за положбата во периодот 1981-1989;<br>- да се поттикнат, да осознаат за положбата на албанското малцинство во Грција и односот на грчките власти кон | | | илустрации за значајните настани и личности од тој период<br>▪ Изработка на пано, со слики и илустрации од значајните личности од тој период<br>▪ Разговор преку слики, илустрации, историска читанка за културно – просветниот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| истото.<br><br>- Да се поттикнат, да осознаат за развојот на основното и средното образование;<br>- да се поттикнат, да осознаат за развојот на високото образование и научните институции.<br><br>- Да се поттикнат,да осознаат за економската и политичката криза во Албанија при крајот на 80-те години; | КУЛТУРНО – ПРОСВЕТНИОТ РАЗВИТОК НА АЛБАНЦИТЕ ВО ЈУГОСЛАВИЈА<br><br>ЈУГОСЛАВИЈА И АЛБАНИЈА ВО ПЛУРАЛИСТИЧКИТЕ И ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРОЦЕСИ | Универзитет во Приштина<br>Виша педагошка школа во Скопје | развиток на албанците воЈугославија<br>▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и од други пишувани материјали<br>▪ Илустрации-разговор по илустрации за значајните настани и личности од тој период<br>▪ Изработка на пано, со слики и илустрации од значајните личности од тој период |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се поттикнат, да осознаат за причините за распаѓањето на југословенската федерација;<br>- да се поттикнат да осознаат за воспоставувањето на повеќепартиска парламентарна демократија во Албанија и во земјите на бившата СФРЈ. | | | |
| | | | |

| 7. МАКЕДОНИЈА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА (**Ориентационо 12 часа**) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| - Да се поттикнуваат, да осознаваат за најважните мерки на стопанската политика и нивните последици за економскиот развој на Република Македонија;<br>- да се поттикнува, да осознае за етапите на развојот политичкиот систем до 1991 година. | ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ И ЕКОНОМСКИ ПРИЛИКИ ВО МАКЕДОНИЈА | Методија Андонов Ченто<br>Димитар Влахов | ▪ Разговор за Општествено-политички и економски прилики во Македонија и национални малцинства<br>▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и од други пишувани материјали<br>▪ Илустрации-разговор по илустрации за значајните личности од тој период |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Да се поттикнува, да осознае за етничкиот состав на населението до 1991 година;<br>- да се поттикнува, да осознае за основните политичко-правни акти со кои се регулирале правата на националните малцинства и етнички групи во Македонија. | ПОЛОЖБАТА НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА И ЕТНИЧКИ ГРУПИ ВО МАКЕДОНИЈА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА (1944-1991) | Албанци<br>Турци<br>Срби<br>Роми<br>Власи<br>Бошњаци | ▪ Изработка на пано, со слики и илустрации од значајните личности од тој период |
| - Да се поттикнува, да осознае за начинот на осамо-стојување на РМ;<br>- да се поттикне,да осознае за промените во поли-тичкиот и економскиот | САМОСТОЈНА И НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА | Никола Кљусев<br>Киро Глигоров<br>Борис Трајковски | ▪ Разговор преку слики, илустрации, историска читанка за Самостојна и независна Македонија и за Македонската православна црква<br>▪ Текст метода: |

| | | | |
|---|---|---|---|
| систем;<br>- да се поттикне, да осознае за меѓународните односи и меѓународната положба на РМ.<br><br>- Да се поттикне,да осознае за процесот на осамостојување на МПЦ и нејзиниот однос со другите православни цркви;<br>- да се поттикне да осознае за организацијата и функционирањето на МПЦ. | МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА | Свети Климентова Охридска архиепископија<br><br>Господин господин Доситеј<br>Г.г. Ангеларij<br>Г.г. Гаврил<br>Г.г. Михаил | читање текстови од историска читанка и од други пишувани материјали<br>▪ Илустрации- разговор по илустрации за значајните настани и личности од тој период во Македонија<br>▪ Изработка на пано, со слики и илустрации од значајните личности од тој период во Македонија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Да се поттикне,да осознаат за организационата поставеност на ИВЗ и на другите верски заедници во Македонија;<br>- да се поттигне да осознае за начинот на делување на верските заедници. | ИСЛАМСКАТА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА И ДРУГИТЕ ВЕРСКИ ЗАЕДНИЦИ ВО МАКЕДОНИЈА | Исламски шеријат<br>Македонци Муслимани<br>Католичка верска заедница<br>Мајка Тереза | ▪ Разговор преку слики, илустрации, историска читанка за Исламската верска заедница и др.верски заедници во Македонија<br>▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и од други пишувани материјал |
| - Да се поттикне ,да осознае за достигањата во сферата на образованието;<br>- Да се поттикне, да ососзнае за најважните научни институции;<br>- да се поттикне, да осознае за | ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И КУЛТУРА | Македонски правопис<br>Македонска граматика<br>Речник на македонски јазик<br>Македонска радиотелевизија<br>Македонски народен театар<br>Театар на народностите<br>Кочо Рацин<br>Венко Марковски | ▪ Разговор преку слики, илустрации, историска читанка за образование, наука и култура во Македонија<br>▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка |

| | | | |
|---|---|---|---|
| најважните институции и достигања во областа на културата.<br><br>- Развојот на основното и средното образование;<br>- развојот на високобразован научен кадар и на научните дејности;<br>- достигањата и | КУЛТУРНО-ПРОСВЕТЕН РАЗВОЈ НА АЛБАНЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА (1944-1991) | Мите Богоевски<br>Ацо Шопов<br>Владо Малески<br>Ацо Караманов<br><br>Албанолошка катедра на Филолошкиот факултет во Скопје<br>Луан Старова<br>Универзитет Југоисточна Европа<br>Тетовски универзитет | и од други пишувани материјал за македонскиот правопис и граматика<br>▪ Илустрации- разговор по илустрации за значајните личности и настани од тој период во Македонија<br>▪ Изработка на пано, со слики и илустрации од значајните личности од тој период<br><br>▪ Разговор преку слики, илустрации, историска читанка за културно-просветниот развој |

| | | | |
|---|---|---|---|
| придонесот на Албанците во културниот развој на РМ.<br><br>- Да се поттикне, да осознае за положбата  на Македонците во Пиринска Македонија и за односот на бугарските власти кон нивните национални права и посебност;<br>- да се поттикне,да осознае за положбата на Македонците во Егејска Македонија и за односот на грчката политика | ПОЛОЖБАТА  НА МАКЕДОНЦИТЕ  ВО СОСЕДНИТЕ  ДРЖАВИ | Горна Цумаја (Благоевград)<br>ОМО „Илинден“ и ОМО „Илинден- Пирин“<br>Лазо Ангеловски<br>Македонски деца бегалци<br>Весници „Зора“ и „Нова зора“<br>Мала Преспа – Албанија<br>Голо Брдо - Албанија | на албанците во Македонија(1944-1991)<br>▪ Разговор по илустрации за значајните настани и личности од тој период во Македонија<br><br>▪ Разговор преку слики, илустрации, историска читанка за положбата на Македонците во соседните држави и<br>▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и  од други пишувани материјали<br>▪ Илустрации- |

| | | | |
|---|---|---|---|
| кон признавањето на нивната национална посебност;<br>- да се поттикне,да осознае за положбата на Македонците во Албанија;<br>- да се поттикне, да ги споредуваат правата на Македонците во соседните држави, во однос на правата на етничките заедници и во РМ. | | | разговор по илустрации за значајните настани и личности од тој период<br>▪ Изработка на пано, со слики и илустрации од значајните личности од тој период во Македонија |
| - Да се поттикне,да осознаат причините за миграциите на населението од | ИСЕЛЕНИШТВОТО ОД МАКЕДОНИЈА ВО СВЕТОТ ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА | САД<br>Канада<br>Австралија<br>Западна Европа<br>Списание „Македонија“ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Македонија;<br>- да се поттикне, да осознае за најголемите миграциони центри на македонските граѓани и за начинот на живот и прилагодување во новата средина;<br>-да се поттикнат,да осознаат за врските на иселениците со татковината. | | | ▪ Разговор преку слики, илустрации, историска читанка за Иселеништвото од Македонија во светот по Втората Светска Војна |

## Напомени за начинот на планирање и реализација на наставната програма

Во паралелките во посебните основни училишта и во посебните паралелки при редовните основни училишта составот на учениците е изразито хетероген. За учениците со посебни образовни потреби согласно, со видот и степенот на попреченоста, треба да да се практикува строго диференциран и индивидуализан пристап во рамките на воспитно - образовниот процес. Ваквиот приод е во функција на нивните индивидуални специфични потреби, а се очекува да резултира со развивање на индивидуалните потенцијали и секако академски постигнувања.

Во тој контекст, наставниците кои реализираат настава со овие ученици треба:

- Да се обидат при изготвувањето на планирањето (доколку видот и попреченоста на учениците во паралелката го дозволува тоа) да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка;
- За учениците во паралелката чиј вид и степен на попреченост на дозволува наставниците да планираа исти содржини, цели и активности за целата паралелка, тогаш за нив треба да да планираат парцијална партиципација во рамките на содржините, целите и активностите кои ги реализира целата паралелка;
- Доколку видот и степенот на попреченост е многу сериозен наставникот пристапува кон изготвување интерен индивидуален образовен план за тие ученици во рамките на адаптираните наставни програми (при изготвување на индивидуален образовен план наставникот може да користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години). Кога наставникот во индивидуалниот образовен план користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години, треба да ги наведе: одделението, содржините како и целта на нивното повторно обработување.

## 5. КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧЕНИЦИТЕ СО МУЛТИХЕНДИКЕП

- Развојот на учениците со мултихендикеп ги следи законитостите на развојот карактеристични за севкупната популација. Нивните физиолошки, социјални и емоционални потреби се како и на останатите нивни врсници. Специфичностите се во темпо на развојот, кој е најчесто забавен. Времетраењето и специфичностите на секоја од развојните фази е специфична за секое дете.
- Карактеристичните „одлики" на учениците со мултихендикеп имаат импликации во повеќе области. Учениците со мултихендикеп имаат „сиромашна" меморија површно, лабилно и краткотрајно внимание, ограничено логичко расудување, дефицитно сознание за себе и опкружувањето, ограничени способности за дискриминација и исклучително редуцирана способност за имагинација и апстракција.
- Кај учениците со мултихендикеп примарните пречки се сериозни пречки во психичкиот развој, но исто може да имаат и редукција на слухот и/или видот и симптоми на аутизам. Повеќето од нив се потполно зависни од околината односно потребен им е постојан надзор.
- Заради успешно одговарање на сите овие специфични индивидуални потреби на учениците со мултихендикеп како и заради специфичниот стил на учење, наставникот треба да планира различни типови наставни часови ( часови за обработка на наставните содржини, часови за увежбување, за повторување и часови за проверување на нивото на усвоеност на наставните содржини).
- Пред да се премине на обработка на нова наставна содржина треба да се искористи предзнаењето на ученикот односно да се тргне од веќе познатото, како вовед во новите содржини. Бидејќи учениците имаат скромни искуства и предзнаења, наставникот пред да започне со обработка на новите наставни содржини треба да планира и да реализира набљудувања и/или посети со цел за стекнување и проширувањена нивните конкретни искуства и предзнаења. За да им овозможи на учениците постапно усвојување на содржините новото градиво треба да се усвојува етапно. При објаснувањето на новите поими треба да се планира доволно време и да користи повеќе соодветни средства и помагала

за успешно приближувањена новиот поим на ученикот. Наставникот треба да користи конкретни предмети и/или нивни модели, внимателно избрани слики, цртежи, илустрации, филмови и сл. При усвојување на нов поим (доколку се усвојува со сите ученици) наставникот го запишува на училишната табла и/или на индивидуална плоча, картон или соодветно парче хартија ( доколку новиот поим се однесува на конкретен ученик). Доколку е потребно наставникот користи синоними познати на ученикот. Дополнителните објаснување треба да бидат концизни и прецизни. Наставникот не треба да воведува нови поими се додека претходните не се потполно усвоени. Доколку наставникот дозволи да се натрупуваа нови поими, вниманието на ученикот флуктуира и постепено губи интерес активно да партиципира на часот.

- Кај репродуктивното повторување на наставните содржини треба да се внесуваат одредени смислени промени. Тоа е интересно за учениците бидејќи со промените се избегнува монотонијата, а е поефикасно за ученикот затоа што придонесува за потполно остварување на функционалните цели на наставата. Токму тие промени создаваат дополнителни напори и проблеми за овие ученици. Тоа е етапа на усвојување на знаењата кога се оперира со факти, кога се работи на генерализации, за апстракции и разбирање на поставените задачи. Тоа од учениците бара нивно активно творечко решавање, прикажување на постигнатите резултати, а за сето тоа е потребен развиен говор и добри аудитивни способности (компетенции кои овие ученици или не ги поседуваат или се на незадоволително ниво).
- Развојот на говорот и слушањето е перманентен процес кој трае во сите етапи од основното образование. За да можат учениците да ги развиваат творечките способности, треба да ги разбираат наставните содржини. Заради тешкотиите во разбирањето на многу изрази, факти, апстракции и генерализации треба да се организираат говорни и слушни вежби. Во случаите со слаби говорни способности тешко може да се постигне учениците самостојно да произнесуваат преструктуирани содржини. Заради тоа овие ученици во фронталниот начин на работа можат да ги изразат сопствените

вистински и потенцијални интелектуални творечки способности , како што се: досетливоста, проникливоста, оригиналноста и неконвенционалноста.

- При усното проверување на нивото на постигнувањата наставникот треба да поставува прилагодени , соодветни, јасни, разбирливи прашања-задачи по потреба да се користи со дополнителни прашања особено кога сака да ги провери способности на мислењето на ученикот и евентуално формализмот во неговото знаења. Во таквиот начин на проверување субјективниот фактор - наставникот може да има голема улога и постигнувањата на адекватниот однос кон ученикот и во создавањето пријатна клима (со стрпливост и разбирање) како и вреднување на нивото на постигнување на ученикот.
- Писменото проверување овозможува проверка на познавањето на содржината, способноста за мислење и писмено изразување. За да биде сигурен дека ученикот правилно го разбира усмениот налог истиот го запишува на училишната табла, наставото ливче и сл.
- Заради збогатувањето на речникот секојдневно треба да се води слободен разговор инициран од конкретни случувања или импровизирани ситуации.

При реализирање на воспитно-образовниот процес со учениците со мултихендикеп треба да се оперира со богато илустриран материјал. Добро избрана слика, цртеж, илустрација кои може да им обезбедат онаа што сакаме интелектуално сфаќање, логички обработен материјал и сето тоа да го изрази со говор.

Развојот и учењето на учениците со мултихендикеп и со оштетен вид се одвива според истите законитости на развојот како и кај учениците што гледаат, но, постојат разлики и варијанти кои се однесуваат главно на брзината и темпото на нивниот развој. Темпото на стекнување на одредени вештини и знаења кај нив е побавен, а варирањето во брзината на развојот е поголема отколку кај уениците кои имаат вид. Воопшто, кај слепите лица (кои имаат и пречки во психичкиот развој) е потребно постојано зборување, усно обраќање, објаснување, разговор, проверка на разбраното по пат на прашања.

Учениците со мултихендикеп со симптоми на аутизам манифестираат доцнења во развојот на говорот и јазикот. Кај нив поголеми се предизвиците на полето на социјалната комуникација и интеракција. Тие исто така може да имаат проблеми со започнувањето и/или спонтано одвивање на конверзацијата. Многу често учениците со аутизам , обраќањето на наставникот не го разбираат како тој да им се обраќа на нив туку на другите што се во просторијата/околината. Да реагираат и/или да одговараат на одредени информации

Тие може да реагираат и/или да одговараат на одредени информации  налози на многу невоообичаени, несоодветни, специфични и уникатни начини. Карактеристично за некои од нив е дека без некоја причина во одредени ситуации реагираат агресивно и автоагресивно што може да резултира со сериозни повредувања.

Карактеристика за нив е што тие многу често инсистираат на едноличност, монотоност и стереотипност во однесувањето и опкружувањето. Многу често пружаат отпор на воведување на евентуални промени од било каква природа. Учениците се соочуваат со тешкотии во искажувањето на сопствените потреби, желби, намери и сл. Специфичноста на нивното однесување исто така, претставува постојано повторување на одредени зборови и фрази (ехолалија), како и повторување на одредени движења (ехопраксија). Изразената хипо и хиперактивност е, исто така карактеристична за нив.

## 6. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

- **Насоки за меѓупредметно поврзување (корелација со други наставни премети)**

  Наставниот предмет **основи на општествените науки** содржи меѓупредметно поврзани цели, содржини и активности односно корелација. Со оглед на фактот што наставната програма е структуирана за да поттикнува кај ученикот интегриран развој во сфаќањето на општествените науки, се очекува и планирањето на наставата да ја следи оваа глобална цел. Целите и содржините на овој наставен предмет се компонирани од аспект на сите општествени науки и нивната примена во секојдневниот живот.

- **Препораки за користење на годишниот фонд на часови**
  Препораките за користење на годишниот фонд на часови се дадени како ориентација заедно со конкретните цели и теми и содржини што секако не треба да го ограничува нивното прераспределување, според потребите при реализацијата.
  Поинакво користење на часови треба да го проценува предметниот наставник според достигнувањата на неговите ученици т.е. според промените во квалитетот на знаењата и резултатите кои тие ги постигнуваат.
  Наставниот предмет **основи на општествените науки во IX одделение** се изучува со 2 часа неделно односно 72 часа годишно.

- **Наставни средства**
    - Извори на учење од непосредната околина-примери на појави, настани предмети и сл.во семејството, населбата, блиската околина, општината и општеството во целина , како и односите меѓу луѓето.
    - Енциклопедии за деца, речници, атласи, карти и сл.
    - Интернет, образовни софтвери-Греен пакет јуниор.
    - Светски признати списанија од областа на општествените науки.
    - Аудиовизуелни средства (графоскоп, дигитален фотоапарат, дигитална камера, телевизор, ДВД, видеоплеер, ЛЦД и др.)

Важно е наставниот процес да биде заснован на
-секојдневни реални состојби и прашања кои произлегуваат од непосредната лична и општествена околина на учениците;
-холистичка, интердисциплинарна и интерактивна обработка на наставните содржини;
-насочување кон планирањето и преземањето на активностите во непосредната околина;
-поттикнување на споредбен пристап во обработка и презентирање на информации за појавите и други сознанија.

За постигањето на целите треба да се користат соодветни наставни форми од индивидуална работа, работа во парови и групна работа. Во разработката на наставната содржина соодветно треба да се користат следните методи и активности: проектна настава, проблемска настава, посети и разговори, играње на улоги и симулација, усна и писмена презентација. Се препорачуваат исто така и екскурзии и посети кога е можно тоа. Наставникот е самостоен при изборот на начините и пристапите во реализација на наставната програма.

## 7.ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Следењена постигањата на учениците**

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигнувањата (промените) на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработка со другите и сл. (формативно оценување), со цел да се воспостават врските помеѓу учењето, поучувањето и оценувањето.

Во програмата се наведуваат начини на следење и оценување на постигањата на учениците во рамките на наставните теми низ активностите на учениците во кои спаѓаат активностите поврзани со водење на потфолио за ученикот со задачи, извештаи од истражувачките активности и сл.Други средства и постапки за следење и оценување : говорни вежби, разговор - дијалог наставник-ученик, работни листови, тестови на знаења.

Следењето на постигнувањата на уениците е составен дел на планирањето на наставата и на учењето

- Оценувањето треба да се базира врз користењето на повеќе различни методи за да се намалуваат слабостите и за да се земаат во предвид различните стилови и предиспозиции за учење на учениците. Проверувајќи го напредокот во постигнувањата на учениците, наставникот може да ги насочува учениците кон поставените цели на наставата.
- Оценувањето треба да биде праведно, да се спроведува непристрасно, како при вреднување на постигнувањата така и при интерпретацијата и користењето на резултатите.
- Оценувањето треба да се врши транспарентно што подразбира дека учениците треба да знаат кои се целите на наставата, кои се очекуваните постигнувања и како тие постигнувања се оценуваат. Тоа значи дека учениците треба да знаат зошто и што треба да научат и како и кога се оценува.
- Учениците и родителите треба континуирано да имаат увид во оценувањето.

**Начини на проверување и оценување**

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од учениците;
- Писмени извештаии, евиденции на податоци од истражувањата;
- Практична изведба (вежби, моделирање, изработка на цртежи, скици, други графички материјали, примена на формули и сл.
- Проектна работа (набљудување, предвидување, собирање податоци и објекти, запишување и прикажување на податоци, презентирање);
- Работа во група;

**Други средства и постапки за следење и оценување:**

- Разговор-дијалог / наставник-ученик;
- Контролни листови, тестови на знаења;
- Домашни работи;
- Чек листи

Постигнувања на учениците во текот на годината се оценуваат со бројчана оценка.

## 8. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата по наставниот предмет основи на општествени науки се реализира во просторни услови и услови на опременост според општиот норматив за опременоста за реализирање на наставните програми за деветгодишно основно образование.

## 9.НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставната програма по основи по општествени науки во деветто одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- -Завршени студии по историја наставна насока со дополнителна дефектолшка дообразба;
- -Завршени студии по историја ненаставна насока со педагошко-психолошка и методска дообразба и дополнителна дефектолошка дообразба и
- -Дипломиран дефектолог

## Потпис и датум на утврдување на наставната програма

Адаптираната наставната програма по **основи на општествените науки за IX одделение** на деветгодишното основно образование за **учениците со мултихендикеп** во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта, врз основа на утврдената соодветна наставна програма за деветгодишно основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

Бр.12-15182/1
22.09.2015 година

Министер

___________________________

Abdilaqim Ademi

Изготвил: работна група, координатор Ирена Борисовска, советник
Контролирал: Трајче Ѓорѓиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор